# 11. ПОПОВСКАТА ФАМИЛИЈА И РОДОТ СПИРОСКИ ( ОНУФРИЕВСКИ--ЛАЛОШОИ-ГАВИНОИ-ВИЗАНТИЈЦИ ) ОД ЛЕШОК

## 11. 0 Родот **Главинови (Глајнooј ) - епископ Никанор** ( околу 1550 до 1646 год. )

Лешочкиот манастир има вековна свештеничка и монашка традиција од создавањето во 1321 година, па, се до денес и низ него поминале многу старешини-игумени, калуѓери и калуѓерки.

Според книгата Лешочкиот манастирски комплекс ( стр.66 до 68 ), познато е дека од 1818 до денес со Манастирот управувале вкупно 26 старешини, игумени (извор: ред.бр. 17, 19 и 20 ).

Најпознати игумени во историјата на Манастирот биле епиекопот Никанор од Лешок, јеромонахот Кирил од Теарце, игумен Силвестер од Варвара, игумен Езекил од Глоѓи и игумен Еротеј од Сетоле. Значи, може да кажеме дека најголеми резултати се постигнати кога со Манастирот управувале старешини од Лешок и соседните села од Долни Полог, односно, оние кои Манастирот им бил близок во душата и срцето. Секако дека и другите старешини имаат секој на свој начин заслуги, но, ете овие 5 игумени се издвојуваат.

Треба да се нагласи дека од 1938 до 1968 година со Манастирот управувале и калуѓерки Михаила и Гаврила, Марина и Еизавета и Надежда и Меланија. Кога Македонската православна црква во 1967 година прогласи автокефалност, србинката игуменка Меланија го напушти Лешочкиот Манастир под диктат на Српската црква и со себе ги повлече и сите шест калуѓерки-македонки ( Надежда, Христина, Јелица-Параскева од Лешок, Ратка-Евросинија, Љубица-Вероника, Трпана-Татијана од Лешок) и заминаа во Петровац на Млава, односно во Горњак. Трпана, Христина и Миланија се умрени и погребани во Горњак, а другите сеуште се живи.

Со автокефалноста на Македонската православна црква, прв старешина на Лешочкиот манастир е протојереј ставрофор Стојче Ристовски од Лешок, од родот Петреej од Долно Маало, кој ми е втор братучед по линија на мајка ми Јорда, која е со потекло од родот Котлинци од Јанчиште. Имено, баба Магда, мајка му на поп Стојче и дедо ми Тоде, татко и на мајка ми Јорда, се родени брат и сестра од Котлинци од Јанчиште.

Во Лешочкиот манастир со векови station наназад имало многу калуѓери-монаси, некои служеле во Стариот манастир, а некои во кругот на Лешочкиот манастир. Покрај споменатите познати и заслужни игумени на Манастирот имало уште многу старешини, кои се запишани во цитираните книги.

Јас би укажал дека според досегашните мои сознанија од мојот род Главинои односно Лалошои биле епископот Никанор, калуѓерот Данаил и калуѓерката Трпана-Татијана.

Од 1992 до денес, 2009, односно последен старешина на Манастирот е протојереј ставрофор Димитрие Крстевски роден од Глоѓи, во чие време (2001 год.) беше

разурната црквата Св. Атансие и во негово време истата е обновена и осветена и во негово време Лешочкиот Манастир доживува преродба.

За повторната прердоба на Лешочкиот манастир најзаслужен е владиката Митрополитот Кирил кој има јасна визија како да се развива овој Манастирски комплекс во Лешок. Имено, Митрополитот Кирил е роден од Царев Двор од Преспа од Поповска фамилија, која дала преку 30 лица свештеници (извор: ред. бр. 80).

Инаку, на Митрополитот Кирил, световното име му е Никола, кој завршил Богословско училиште во Призрен, исто како, и дедо ми Трпо Онуфриевски, потоа Мито Аврамовски и Стојче Ристовски од Лешок.




(Митрополит Кирил,владика на Полошко-Кумановската епархија на Македонска православна црква)
(Metropolitan Kiril, archbishop of Polog's –Kumanovo's bishopric of Macedonian orthodox church)

Во продолжение ќе се задржам на некои моменти и податоци кои се однесуваат на епископот Никанор. Нашиот род Главинои односно Лалошои, во времето од неколку векови пред Никанор, се до 10 и 11 век во времето на на Св. Наум и Св. Климент, кога владетели биле цар Самуил и цар Василиј Втори, а секако и после епископот Никанор, родот го викале Главинои и Византијци, што укажува на длабоката свештеничка традиција на нашиот род за времето на Охридската архиепископија во македонска Византија. Би сакал да нагласам дека во историјата не се познати некои масовни расселувања во периодот од 10 до 18 век и така останало компактно населението во Полог.

Што се однесува за предходниот период не се располага со прецизни и точни податоци, но, има сигурни извори и сознанија дека од 1550 до 1646 година со Лешочкиот манастир управувал епископот Никанор, кој бил роден во Лешок од родот Главинои (Глајнои). Тој род Главинои, народот го вика Глајнои-Глајнооj е истиот род Лалошои, кој така го викале два века, пред тоа, во 16 и 17 век. Никанор бил назначен за полошки епископ околу 1575 година, а пред тоа бил игумен на Лешочкиот Манастир, а го заменил епископот Герасим кој бил полошки епископ во 1567/68 година.



MESNA AGRARNA KOMISIJA
Vo s.Lešok

PREPIS:
Raboteno na 8.II.1946. god.
Vo s.Lešok

PREDMET:
Imanje na Manastirot "Sv.Atanasija" vo s.Lešok, okolija Tearečka, za oduzimane na posedot.

Mesnata agrarna komisija vo s.Lešok, okolija Tearečka, okrug Skopski, vo sostav:predsedatel Boro L.Stojčeski, i členovite: Dime I. Jakovleski,Tome R.Gjurčeski,Risto A.Spasoski i Ane Breškoski.Na osnovanie na protokolot od 7.II.1946 godina za održanata rasprava,ja donesuva slednata.

O D L U K A:

Za odzemanje posedot na Manastirot "Sv.Atanasije" vo s Lešok,po zemskiot zakon za agrarna reforma i kolonizacija.

1.Vo smisol na čl.3 t.__ st.__ i čl.__ od Zakonot za agrarna reforma i kolonizacija na posedot na Manastirot "Sv.Atanasija"se smeta za Manastirski.

2.Vo smisol na čl.3 t.__ od zakonot za agrarna reforma i kolonizacija posedot na Manastirot "Sv.Atanasija" spagja pod udar na agrar.reforma i kolonizacija i se smeta kako eden posed.

3.Po čl.__ toč.__ od Zakonot na sopstvenikot Manastir "Sv.Atanasija" se ostava eden maksimum od 10/deset/ ektara zemja i toa:

VO CELOST

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Niva | Na m.sv. | "Rupa | vo povr.od | 3.43.38 | Hektara |
| 2.Voćnak | " " | "Čiflik" | " " " | 1.77.95 | " |
| 3.Lozje | " " | "Manastirsko | " " " | 1.00.00 | " |
| 4.Niva | " " | "Glajnovo" | " " " | 0.84.84 | " |
| 5.Niva | " " | "Spasovo" | " " " | 0.93.95 | " |
| | | | Se: | 8.00.12 | |

DEL OD PARCELI

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Livada | na m.sv. | "Ciflik" | vo povr.od | 2.00.00 | Hektara |
| | | | Se: | 10.00.12 | |

Opšto se ostava:10/deset/hektara i 12 /dvanaeset/kvadratni metri. Delot od parcelata koi se ostavat na Manastirot se i tova:od livadata na m.zv."Čiflik" da se ostavi od istočna strana do selskiot pat.

Pri opredeluenjeto na ovoj maksimum shodno čl.7 toč.2 od Zakonot za agrarna reforma i kolonizacija Mesnata agrarna komisija zede predvid plodnosta,kvalititot i kulturite na zemjata.

4.Po čl.9 toč.__ od Zakonot za agrar.reforma i kolonizacija se oduzimaat do ovoj posed vo polza za zemjišniot fond i tova: obradiva zemja.

VO CELOST

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Niva | na m.zv. | "Popovo Jasika" | vo povr.od | 0.72.52 | hektara |
| 2. Niva | " " | "Dva Bresta" | " " " | 8.40.63 | hektara |
| 3. Niva | " " | "Metovo" | " " " | 0.65.52 | " |
| 4. Niva | " " | "Bela Jasika" | " " " | 0.39.24 | " |
| 5. Niva | " " | "Dabevo" | " " " | 0.53.34 | " |
| 6.Niva | " " | "Prekača" | " " " | 0.71.50 | " |
| 7. Niva | " " | "Taskovo" | " " " | 0.30.19 | " |
| 8.Niva | " " | "Ograda" | " " " | 2.44.72 | " |
| 9. Niva | " " | "Dinovo" | " " " | 1.14.00 | " |
| 10. Niva | " " | "Mlaka" | " " " | 4.77.61 | " |
| 11. Niva | " " | "Amajlija" | " " " | 0.91.53 | " |
| 12. Niva | " " | "Lalošovo" | " " " | 0.81.89 | " |
| 13. Niva | " " | "Čolakovo" | " " " | 1.00.90 | " |
| 14. Niva | " " | "Jančevo" | " " " | 1.26.78 | " |
| 15. Niva | " " | "Dva Bresta" | " " " | 2.76.43 | " |
| 16. Niva | " " | "Šabanovo" | " " " | 0.86.55 | " |
| | | | Se za prenos | 27.73.35 | " |

(Одлука на Месната аграрана комисија од 1946 год, за одземен имот од Лешочкиот манастир и оставени ниви, во кои е оставена и нивата Глајново под ред. бр.4 )
(Decision of the Local agricultural commisson since 1946, for taking away homestead of Lesok Monastery and the fields where is the field Glajnovo, ordinal number 4)

За епископот Никанор дека бил од Лешок, за прв пат се сретнав 60-те години кога ја читав книгата Тетово во Минатото од Кузман Најденовски (извор: ред. бр.16), потоа го сретнував во повеќе книги и написи ( извор: ред.бр. 1, 17, 19, 20, 40, 42, 43, 48, 50, 78 и 115 ).

Многу подетално образложение и факти давам во поднасловот на оваа книга под 22. Црквите во Лешок и околните села и свештените лица од фамилијата Спироски и родот Главинои односно Лалошои и за да не се повторувам го упатувам читателот да го прочита тој текст.

Би напоменал дека за условите во кои делувала црквата и свештенството во византискиот и отоманскиот период и времето на полошкиот и скопски епископ Никанор од Лешок е запишано во повеќе книги и документи, Јас би ги издвоил следните книги: Историја на Македонската православна црква ( извор: ред. бр.1), Историја на Византија ( извор: ред. бр. 115), Македонска средновековна црковна

дипломатија (извор: ред. бр. 78), Лешочкиот Манастирски комплекс ( извор: ред. бр. 17), Лешок (извор: ред. бр.20, Лешек (извор: ред. бр. 19), Полошко-тетовска епархија и Манастирот во Лешок (извор: ред. бр. 42), Полог- Антропогеографска проучавања ( извор: ред. бр. 40), Библија-Свето писмо на стариот и новиот завет ( извор: ред. бр. 48), Историја на македонскиот народ ( извор: ред. бр. 7 ) и Полог и его болгарское население ( извор: ред. бр. 43).



( Поглед од брод на манастирите на Света Гора, Митко и Искра Спироски )
( A look of a boat of the monasteries on Mount Athos- Sveta Gora, Mitko and Iskra Spiroski )

Сите цитирани книги не враќаат во црковната традиција на Лешок и Македонија и секако на нашиот свештенички род Главинои односно Лалошои од Византиското време, потоа во Отоманското време, српското време до денес и од кои дојдов до многу податоци и сознанија, кои ги пишувам во оваа книга.Секако не е случајно што нашиот род го викале Византијци.

Во долговековната историја на Лешочкиот манастир најпознати и најзаслужни за развојот и афирмирањето на Лешочкиот манастир и за растежот на свештеничкиот и монашкиот живот во Полог, би ги издвоил Првиот епископ на Полог, Јоаникие, во 14 век, потоа Полошкиот и Скопски епископ Никанор, во 16 и 17 век, Јеромонахот Кирил Пејчинович во 18 и 19 век и како последен и најзаслужен за обновата и процут на Лешочкиот манастир на крајот на 20 и почетокот на 21 век, Митрополитот Кирил, владика на Полошко-Кумановската епархија.

Во врска со споменатите црковни великодостојници би искажал мои мисли и мои лични желби како лице родено во Лешок и како лице потомок на свештенички род:

1. За Јеромонахот Кирил Пејчинович како црковно и духовно лице да се одвива постапката за канонизација и еден ден Македонската православна црква да го прогласи за светец, оти навистина тоа го заслужува неговата грандиозна личност и дело.

2. МПЦ и Митрополитот Кирил да го прогласи Лешок за седиште на Полошката епархија, како што било со векови наназад.

3. Покрај епископите Јаоаникие, Никанор и јеромонахот Кирил, во Лешочкиот манастир да биде упокоен и Митрополитот и владика Кирил.

4. Црковните и научните лица да си стават во програма и да трагаат во соседните земји и да ги најдат моштите на епископот Никанор, кои биле откопани и однесени во 1900 година и откога ќе се пронајдат да се пренесат во Лешочкиот манастир, при што да се утврди со ДНК, врската со родот Лалошои односно Глајнои од Лешок, како и со лозата Глајнои од Варвара.

5. Да продолжи да се трага и испитува околу црквата Св. Богородица во Лешок и со ДНК и да се испитаат моштите на калуѓерот Данаил, братот на поп Онуфрие и дедо на поп Спиро од родот Лалошои од Лешок.

6. Да продолжи да се испитува и да се утврди со ДНК, врската на родот Лалошои од Лешок, со лозата на Лалошои од Непроштено.

7. Да се реализира Проектот на Здружението Лешок, заедно со Црквата, Месните заедници од Лешок и Варвара и Управата за заштита на спомениците на културата на Македонија и да се обнови Стариот манастир Св. Атанасие, да се изградат конаци и во нив да имаат духовен живот неколку калуѓери.

8. Да се пронајдат остатоците на старите разрушени црква Св. Димитрие, Св. Ѓорѓија, Св. Аранѓел и Св. Богородица- Долно маало и да се обноват.

9. Да се обнови разрушената црква Св. Никола во Тенеќе маало и да се обноват старите Гробишта.

10. На Костоо, на местото на старите гробишта Св. Харалампие да се изгради селска црква или параклис, по проектот на ЗдружениетоЛЕШОК.

11. Да се поставаат параклиси или спомен плочи со обележување на остатоците на старите разрушени цркви Св. Петка, Св. Марена, Св. Илија и Св. Врача.

12. Да се отвори Црковна печатница и голема библиотека во конаците на Лешочкиот манастир и истите да се користат од црковни и научни работници за разни истражувања и пишувања и публикување на книги.

13. Да се организираат разни културни и уметнички приредби, семинари и тркалезни маси од црковниот и духовниот живот и др.



( Скопје, Аеродром, Цветниот балкон на седми кат на Славица и Митко Спироски )
( Skopje, Aerodrom, The flowery balcony of Slavica and Mitko Spiroski )

Трпо и Спиро Онуфриевски биле најголеми спомагатели на новата црква Св. Атанасие во 1924-37 година. Ова ми го кажуваше баба Цвета Онуфруиевска, а истото ми го рече и Стојан Спироски. Имено, Спиро, Трпо, Ѓиго и др. од родот Лалошои парично помагале да се изгради црквата и биле едни од најголемите дарители. Тие не порачале фреска или икона да се наслика и да се напише нивното име, туку, помогнале со пари. Спиро, Трпо, Ѓиго и др. и они не биле против изградба на црквата, но, биле против името да го носи по кнез Лазар.





( Отуње, 1925, учителот Трпо Онуфриевски со учениците)
( Otunje, 1925, the teacher Trpo Onufrievski with the pupils)



( Фото:Митко Спироски, Јули 2009, Црквата Св. Никола од Жилче)
( Photo:Mitko Spiroski, July, 2009, the church St. Nikola - Zilce)



( Фото:Митко Спироски, Лешок, Кале, 01.11.2009, Златна есен )
( Photo:Mitko Spiroski, Kale 01.11.2009, Gold autumn)